

***Во ова продолжение за читателите на  порталот „Македонска нација“ ќе претставиме дел од „Библискиот речник“, преку имињата, зборовите, изразите, нazивите,  лексикографските термини...: од изразот Тело Христово - според апостолот Павле црквата е Христовото Тело – до Топаз  вториот скапоцен камен во вториот ред на плочата што ја носел на градите Првосвештеникот***

**Тело Христово** - според апостолот Павле црквата е Христовото Тело. Според 1 Кор 12,12-31 телото е слика на единствената целина што ја сочинуваат многу различни делови. Но според Павле не се работи само за сликовито прикажување, Црквата не е само како едно тело, туку таа и навистина е Христовото Тело ( 1 К ор 12,27; Еф 3,6 ). Според Кол 2,29 Црквата е Христовото Тело, а Христос е Главата на тоа тело.

**Темјан** - бела мирисна смола што се користела во службите во храмот, при помазувањето со масло, а била палена при кадењето (1 Мој 30,34; 3 Мој 16,12). Димот имал многу пријатен мирис и се сметало дека има очистувачко дејство (2 Мој 42,5). Се произведувал во земјата Сава (Ис 60,6). Во НЗ темјанот бил еден од даровите што ги донеле мудреците од Исток, заедно со златото и смирната {Мт 2,11) како симбол на молитвата упатена кон Бога (Откр 5,8).

**Теодоцијан** - еврејско-елински преведувач на Библијата, живеел кон крајот на 2 в., а бил родум од Ефес.

**Теофанија** - одреден начин и облик на кој се остварува јавувањето на Бога. Според СЗ човек не можел да Го види Бога, а да не умре после тоа (2 Мој 33,20; Суд 6,22; Ис 6,5). Но Бог се појавувал и во човечки облик (1 Мој 18) и како ангел (1 Мој 16,10; 4 Мој 22,31-35). Според 2 Мој 3,1 Бог се појавува во вид на оган, кој е знак на неговата светост. При склопувањето на Заветот (2 Мој 19,18) се појавув аво вид наоган, дим и потрес; во звукот на труба и грмење (2 Мој 19,19; 20,18). Преку теофанијата Бог покажува дека сака да биде со Својот народ {2Мој 19,12-24; 20,18-21). Но никаде не се зборува за ликот Божји (2 Мој 24,9; 4 Мој 12,8; Ис 6,1; Ез 1,4-2,9). Значајна улога има и појавувањето во вид на облак (2 Мој 13,21; 4 Мој 14,14).

**Теофил** - *Божји пријател,* угледен човек, на кого му се посветени Евангелието на Лука и Дап, за да се осведочи во сигурноста на учењето (Лк 1,3; Дап 1,1)

**Терафими** - идоли, најверојатно во човечки облик, кои ги претставуваат куќните богови. Биле изработувани во најразлични облици и големини, од мали, за случај да е потребно итно да се скријат во седлото на камилата (1 Мој 31,19.30.34), до големина на човек (1 Цар 19,13). Случката со Рахила, кога ги украла куќните богови од татка си Лаван и не сакала да му ги препушти послужувајќи се со измама, укажува дека кај Евреите патот кон монотеизам бил маколрпен. Можно е идолите да биле сметани за носители на среќа и биле консултирани за претстојните одлуки (Суд 17,5). Не се спомнуваат по

вавилонското ропство.

**Терса** - вторaта престолнина на Израел, североисточно од Сихем, првата престолнина. Првобитно била седиште на некој ханаански цар (Песна 6,4}.

**Тертул** - тужителот на Павле пред Феликс (Дап 24,1).

**Терциј** - секретарот на апостолот Павле, го напишал Посланието до Римјаните, како што му било диктирано и во Рим 16,22 оставил свој поздрав.

**Тесвитец** - се однесува на пророкот Илија од Тесва (3 Цар 17,1).

**Тестамент** - збор што во НЗ и СЗ понекогаш се користи наместо завет или сојуз.

**Тетраграм** - ознака за четирите букви JXBX од Божјото име;в. Јахве.

**Тетрадрахма -** Ковани пари.

**Тетрарх** - в. Четверовласник.

**Тиамат** - извештај за создавањето.

**Тиатир** - град во Мала Азија, познат по работилниците на гримиз. На христијанската заедница од овој град и е посветено едно од писматаза кои се зборува во Јовановото Откровение (Откр 2,18-28).

**Тиверij** - римски император, со полно име Цезар Август Тивериј, владеел од 14-37 г. Во Лк 3,1 се споменува по име, а на други места од НЗ се нарекува „кесар". Јован Крстител ја започнал својата дејност во 15 г. од неговото владеење, а бил император и во времето на распнувањето на Христос.

**Тиверијада** - град основан од Ирод Антипа, некаде во22г. како нов главен град на Галилеја; името го добил според римскиот император Тивериј. Лежи на западниот брег на Галилејското Езеро. За побожните Евреи бил ,,нечист" град. Во НЗ се споменува само еднаш (Јв6,23).

**Тиверијадско** в. Гени Езеро -Саретско Езеро.

**Тиверијадско Езеро** - Галилејско Езеро.



[illegible]



[illegible]



**ПЕТКО ЗЛАТЕСКИ И**



**СЛАВЕ КАТИН**